Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програма (Н1) за основно образование за 2024 година и Програма (НА) основно образование - капитални трошоци за 2024 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата (Н1) за основно образование за 2024 година и Програма (НА) основно образование - капитални трошоци за 2024 година, донесена на Триесет и третата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-308/10
12.01.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и точка 13 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02), член 34, став 1, точка 8 и точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и третата пленарна седница одржана на 27 декември 2023 година, донесе

# Програма (Н1) за основно образование за 2024 година и Програма (НА) основно образование - капитални трошоци за 2024 година

1. Вовед

Со оваа програма се уредува:

- Извори на финансирање на програмата
- Пресметување на трошоците
- Динамика на извршување на Програмата
- Преодни и завршни одредби

2. Извори и финансирање на Програмата за образование (Н1) за основно образование

- Општината обезбедува средства од Буџетот на Општина Кисела Вода за 2024 година.

3. Трошоци за реализација на Програмата

Расходи за реализација според намената и поединечни видови на елементи :

## ПРОГРАМА ( Н1) ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2024 ГОДИНА

| 1. | **Ранче за прваче** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Во рамки на унапредување на училишните услови, како и во насока на финансиско олеснување на родителите на првачињата, општината ќе преземе значителни чекори кои се од заеднички интерес. Секое прваче во сите осум основни училишта на територија на Општина Кисела Вода, ќе добие бесплатно училишно ранче и училиштен прибор. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Подобрување на училишните услови и финансиско олеснување на родителите на првачињата |
| **Очекувани резултати:** | Успешен почеток на учебната година за секое прваче |
| **Целна група:** | Ученици ( машки/женски ) запишани во прво одделение во основните училишта |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 900.000,00 денари |
| **Трошоци:** | Јавна набавка на ранче за секое прваче |
| **Време на реализација** | 01 Септември 2024 година |

| 2. | **Униформи за учениците од општинските основни училишта од општина Кисела Вода** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Набавка на униформи за учениците од општинските основни училишта од општината. Со почетокот на новата учебната година, учениците од општинските основни училишта во општина Кисела Вода ќе добијат бесплатни училишни униформи. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Да се постигне чувство на еднаквост меѓу учениците без поделби и разлики во начинот на облекување, а од друга страна, пак, на родителите да им се намалат трошоците за купување гардероба.. |
| **Очекувани резултати:** | сите ученици да бидат облечени во иста облека и да се навикнат на соодветен кодекс на облекување со што основните училишта ќе ги достигнат стандардите на училиштата од европските метрополи. |
| **Целна група:** | Сите ученици од основните училишта |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 3.300.000,00 денари |
| **Трошоци:** | Јавна набавка на униформи за учениците од ООУ |
| **Време на реализација** | Септември 2024 година |

| 3. | **Обезбедување на учениците и објектите во основните училишта** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Во насока на обезбедување на сигурноста и безбедноста на учениците во рамките на воспитно-образовниот процес и 24 часовно обезбедување на објектите на основните училишта предвидуваме општината да продолжи со проектот за физичко обезбедување на сите објекти од основните училишта, просториите и имотот во овие објекти. Професионалното обезбедување ќе подразбира контрола и преземање мерки на заштита и известување во случај на опасност од пожар, кражби и други нарушувања на приватноста на имотот, надворешно и внатрешно набљудување и обезбедување на објектите, како и постојана |

| | |
|---|---|
| | контрола во сите делови од објектите од страна на лиценцирани лица, задолжени за обезбедување. |
| **Стратешки насоки и цели:** | На тој начин, ќе се обезбеди целосно физичко и мобилно обезбедување на основните училишта во текот на целата година, без притоа да се оптоваруваат родителите со дополнителни трошоци. |
| **Очекувани резултати:** | Безбедни и сигурни училишта |
| **Целна група:** | Учениците, вработените и објектите во основните училишта |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 3.000.000,00 денари |
| **Трошоци:** | Јавна набавка за избор на лиценцирана агенција за обезбедување |
| **Време на реализација** | 2024 година |

| 4. | **5 –ти Октомври - Светскиот ден на учителот** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Воспитанието и образованието, како педагошки процеси меѓусебно се условени и дијалектички поврзани. Условите во кои се врши образованието ја определуваат и неговата цел, што значи изградување и развивање врз база и по пат на пренесување и усвојување на научени знаења, интелектуални, работни, технички, производни, хигиенски, културни и други вештини и навики. Без квалитетен наставен кадар нема квалитетно образование. Учителот е огледало, модел на позитивно однесување пред учениците, тој е нивен пријател, другар и придружник низ детството и младоста. Во таа насока, Општина Кисела Вода во насока на одбележување на 5-ти октомври Светскиот ден на учителот, сака да ги стимулира и мотивира одделенските, предметните наставници како и стручните соработници за уште поголема посветеност во работата со деца. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Одбележување на Светскиот ден на учителот. |
| **Очекувани резултати:** | Подобрување на квалитетот во наставата и зголемување на посветеноста на наставниот и стручниот кадар во работата со ученици. |

| | |
|---|---|
| **Целна група:** | Одделенските, предметните наставници како и стручните соработници од ООУ |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **300.000,00** денари |
| **Трошоци:** | Награди за најдобрите наставници и стручни соработници |
| **Време на реализација** | 05 Октомври 2024 година |

| | |
|---|---|
| 5. | **Центар за работа со деца талентирани ученици од Општина Кисела Вода** |
| **Опис на активности:** | Целта на овој проект е да се опреми простор и да се создадат услови за работа со талентирани ученици од општинските основни училишта во општина Кисела Вода, каде учениците ќе можат да го развиваат и усовршуваат својот талент, знаење и способности.<br>Средствата ќе бидат наменети за опремување на простор со големина од 120 квадратни метри во основното училиште Димитар Миладинов во општина Центар. Станува збор за заеднички проект со општините Центар и Карпош, а одобрен од страна на Центарот за развој на Скопски плански регион. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Да се создадат услови за работа со талентирани ученици од општинските основни училишта во општина Кисела Вода |
| **Очекувани резултати:** | Развивање и усовршување на знаењата и способностите на талентираните ученици |
| **Целна група:** | Талентирани ученици запишани во основните училишта |
| **Предвидена финансиска рамка:** | Кофинансирање на проектот 200.000,00 денари |
| **Трошоци:** | -За наставниците кои ќе работат со талентираните ученици;<br>-Подмирување на тековни комунални трошоци (вода, интернет);<br>-Кофинансирање на дел од трошоците на учениците кои ќе земат учество на меѓународни натпревари; |
| **Време на реализација** | Учебна 2023/2024 година |

| 6. | **Ден на мајчиниот јазик** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Јавен литературен и ликовен конкурс за учениците од ООУ. Негување на мајчиниот јазик – творење и поттикнување, оддавање признанија; |
| **Стратешки насоки и цели:** | Проширување на знаењата за историјата на мајчиниот јазик, улогата на дијалектот и друго. |
| **Очекувани резултати:** | Негување на мајчиниот јазик |
| **Целна група:** | Учениците од основните училишта |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 30.000,00 денари |
| **Трошоци:** | Награди за учениците |
| **Време на реализација** | 21 – ви февруари 2024 година |

| 7. | **Награди за талентирани ученици од основните училишта на територија на Општина Кисела Вода** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Доделување на парични награди за талентирани ученици од основните училишта заради постигнатиот успех, резултати, посветеност, квалитет на учениците во учебната година од повеќе области, од основните училишта кои се на територија на Општина Кисела Вода при реализација на многубројните проекти, за учество на државни и меѓународни акредитирани натпревари и освоено место на истите, општината доделува еднократна парична награда за талентираните ученици од повеќе области (уметност, наука, култура). |
| **Стратешки насоки и цели:** | Откривање, развој и поддршка на талентирани ученици. |
| **Очекувани резултати:** | Мотивација кај младите таленти за понатамошен развој и надградување на сопствената личност. |
| **Целна група:** | Талентирани ученици од основните училишта |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 800.000,00 денари |
| **Трошоци:** | Ваучери и парични награди за најдобрите ученици |
| **Време на реализација** | Мај – Јуни 2024 година |

| 8. | **Летен спортско едукативен камп за учениците од ООУ на територијата на општина Кисела Вода** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Со овој проект предвидено е да се опфатат сите ученици од кои се запишани во редовна настава во основните училишта во Општина Кисела Вода, за кои е предвидено да се обезбеди бесплатен летен одмор во вид на спортско едукативен камп во некое познато летувалиште. Постапката ќе се спроведе според претходно утврдени услови и критериуми и пројавување на интерес по пат на јавен оглас. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Обезбедување на бесплатен летен одмор во вид на летен спортско едукативен камп за учениците (талентирани спортисти, талентирани ученици и ученици од социјално ранлива категорија) од основните училишта од ОКВ. |
| **Очекувани резултати:** | Рекреација, дружење, осамостојување, создавање на поголема одговорност и социјализација на учениците од основните училишта од ОКВ. |
| **Целна група:** | Талентирани спортисти, талентирани ученици и ученици од социјално ранлива категорија од ООУ |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 2.000.000,00 денари |
| **Трошоци:** | Превоз, сместување, храна |
| **Време на реазлизација** | Јули – Август 2024 година |

**Програма (Н1)** ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Табела 1**

| | |
|---|---|
| 1. Ранче за секое прваче | 900.000,00 денари |
| 2. Униформи за учениците од општинските основни училишта од општина Кисела Вода | 3.300.000,00 денари |
| 3.Обезбедување на учениците и објектите на основните училишта | 3.000.000,00 денари |
| 4. 5 –ти Октомври - Светскиот ден на учителот | 300.000,00 денари |
| 5. Центар за работа со талентирани ученици од Општина Кисела Вода | 200.000,00 денари |
| 6. Одбележување на денот на Мајчиниот јазик | 30.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| 7. Награди за талентирани ученици од основните училишта на територија на Општина Кисела Вода | 800.000,00 денари |
| 8. Летен спортско едукативен камп за учениците од ООУ на територијата на општина Кисела Вода | 2.000.000,00денари |
| Вкупно: | 10.530.000,00 денари |

Вкупно: Програма (Н1) ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ......................10.530.000,00 денари.

ПРОГРАМА (НА) ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

2. ПРОГРАМА – ( НА) ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ) ЗА 2024 ГОДИНА :

## II. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОГРАМАТА ПО ВИДОВИ РАСХОДИ СПОРЕД СЛЕДНИОТ ПРИКАЗ:

**П Р О Г Р А М А ( НА ) ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

## ВОВЕД

Со оваа програма се уредува:

- Извори на финансирање на програмата
- Пресметување на трошоците за реконструкција на училишта
- Динамика на извршување на програмата
- Преодни и завршни одредби

### 1. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Општината обезбедува капитални средства за реконструкција и уредување на Основните училишта од Буџетот на Општината Кисела Вода за 2024 година.

### 2. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

- Изведба на громобранска инсталација во ООУ „Круме Кепески“, предвидени 1.000.000,00 денари

Табела 2

| Ред.бр. | Име на проектот | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | Изведба на громобранска инсталација во ООУ „Круме Кепески“ | 1.000.000,00 денари |
| 2. | Изградба на ново основно училиште ООУ „Св.Климент Охридски“, с.Драчево – Општина Кисела Вода (Одлука за распределба на средства обезбедени во Потпрограма ТА изградба на основни училишта во категорија 48 Капитални расходи во Потпрограма ТВ изградба на училишни спортски сали во Категорија 48 Капитални расходи во Буџетот на Министерство за образование и наука за 2023 година ) | 80.000.000,00 денари |
| | **ВКУПНО** | **81.000.000,00 денари** |

Табела 3

| Ред.бр. | ПРОГРАМИ | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | ПРОГРАМА (Н1) ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | **10.530.000,00 денари** |
| 2. | ПРОГРАМА (НА) ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | **81.000.000,00 денари** |
| 3. | ВКУПНО | **91.530.000,00 денари** |

**3. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот на Општина Кисела Вода за 2024 година.

**4. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ**

Реализацијата на Програмата за основно образование (Н1) И (НА) ја врши Градоначалникот на Општината Кисела Вода преку Секторот за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, а ќе се применува од 01.01.2024 година.

Број 09-11002/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27 декември 2023 година на Советот на Општина Кисела Вода
Скопје Иван Живковски с.р.

СВ/РД